Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 313//0306
22.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 04.07.2025 година, врз основа на примена жалба од политичарот **Петар Богојески,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Делот од емисијата **(епизода 204), од поткастот Тешки Муабети со Мечка и Миќо, емитувана на Јутјуб каналот на Инфомакс (infomax.mk), на 26.06.2025 г.**, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 28.06.2025 г., упати жалба за дел од емисијата (епизода 204), од поткастот Тешки Муабети со Мечка и Миќо, емитувана на Јутјуб каналот на Инфомакс (infomax.mk), на 26.06.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека се употребени „сите основи на дискредитација на личноста и интегритетот на Петар Богојески, како политичар и професионалец, користење на говор на омраза, клевети и навреди“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека делот од емисијата (епизода 204), од поткастот Тешки Муабети со Мечка и Миќо, емитувана на Јутјуб каналот на Инфомакс (infomax.mk), на 26.06.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за емисија во која новинарите отвораат тема што е од јавен интерес, бидејќи станува збор за видување на новинарите за начинот на кој премиерот ја практикува извршната власт, а како пример се наведува изборот на Петар Богојески во звање професор на Воената Академија.
Комисијата заклучи дека станува збор за легитимна критика насочена кон јавна личност и настан, избор на тоа лице во една институција од високото образование која е дел од државниот и јавниот високообразовен систем, а лицето во истовреме како политичар е дел

од власта. Оваа постапка, особено во контекст на претходните реакции од ЕУ и на дел од домашната јавност, како и смената на истото лице од претходна функција, претставува легитимен предмет на медиумска анализа, особено ако се одвива на начин кој може да се протолкува како нетранспарентен во целост и кој се случува во исклучително краток рок од заминувањето од претходната функција.

Поткастот има коментаторски и делумно саркастичен тон и не се претставува како класичен информативен прилог во кој се бара строга објективност и изнесување само на фактите за случајот. Ваквиот жанр, според професионалните стандарди, дозволува изразување ставови, критика и интерпретација на појави од јавен интерес.

Од тука, Комисијата смета дека не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595